БИЛТЕН

БРОЈ 01/26



13.03.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т

за

Избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научната област „Друго - Дизајн на ентериер“ (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)- 1/ еден/извршител на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет во Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Скопје, на на 271-та седница одржана на 20.02.2026 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Вечер“ од 20.01.2026 година, со Одлука бр.02-226/2 формира Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по областа на „Друго - Дизајн на ентериер“ (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) – 1 извршител, во состав: Вонреден насловен професор м-р Елена Филиповска, претседател, доцент м-р Никола Узуновски, член и насловен доцент м-р Стојан Павлески, член.

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања по стручно-уметнички предмети од областа Дизајн на ентериер – 1 извршител се пријави 1 (еден) кандидат: **м-р Марија Рашковиќ**. По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ - Скопје, го поднесува следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатката **м-р Марија Рашковиќ,** согласно распишаниот конкурс, достави Пријава по конкурс, професионална биографија со соодветни податоци, уверение за државјанство, извод од матична книга на родени, заверена диплома за завршено високо образование од прв и втор циклус, и портфолио со уметнички и стручни дела, документација за изведување високообразовна дејност.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Марија Рашковиќ е родена на 25.01.1978 година во Скопје. Средно училиште завршила во Државно Средно Училиште за Применета Уметност „ Лазар Личеноски“, Скопје, Степен на стручна подготовка за ликовен техничар за ентериер и мебел, дипломирала во 2001 година Национална Уметничка Академија – Софија, Р. Бугарија – Факултет за применета уметност, стекнато звање: Професор по ликовна уметност во средните општообразовни и професьионални школи каде и што магистрирала во истата година со стекнато звање: Магистер по специјалност – уметничко просторно оформување , со професионална квалификација - Уметник.
Од 2006 година до денес работи како професор по Дизајн на ентериер за сите четири години , Дизајн на индустриски производи за четврта година, во ДСУЛУД „ Лазар Личеноски“,Скопје.

. Учествувала во повеќе проекти, конкурси и изложби, а за своите достигнувања добила и признанија.

ОБРАЗОВАНИЕ

(1996-2001)
Национална Уметничка Академија – Софија, Р. Бугарија – Факултет за
применета уметност, стекнато звање: Магистер по специјалност – уметничко просторно оформување , со професионална квалификација - Уметник

(1998-2001)
Национална Уметничка Академија – Софија, Р. Бугарија – Факултет за
применета уметност, стекнато звање: Професор по ликовна уметност во средните општообразовни и професьионални школи

(1992-1996)
Државно Средно Училиште за Применета Уметност „ Лазар Личеноски“,
Скопје, Степен на стручна подготовка за ликовен техничар за ентериер и мебел

УЧЕСТВО ВО НАСТАВА

(2006 - денес)
Професор по Дизајн на ентериер за сите четири години , Дизајн на индустр
иски производи за четврта година, во ДСУЛУД „ Лазар Личеноски“, Скопје

(2006 - 2012)
Професор по предметите Нацртна геометрија за втора година, Перспектива за трета година, и Типографија за прва и втора година, во ДСУЛУД „ Лазар Личеноски“, Скопје

(2010 - 2018)
Професор по предметите Дизајн на мебел за прва година, Основи на конструкции, Дизајн за индустриски производи за трета година, во ДСУЛУД „ Лазар Личеноски“, Скопје

РАБОТНО ИСКУСТВО

2017 - Хонорарно предавање на Архитектонскиот факултет при Првиот приватен факултет - ФОН, Скопје

(2005 - 2006)
Проектант-дизајнер во проектантско Германско биро специјализирано за кујни „ Designo küche art & design“ во Софија, Р. Бугарија

(2004 - 2005)
Проектант-дизајнер во проектантско биро за мебел „ Koryna“, во Софија, Р. Бугарија

(2002 - 2004)
Проектант-дизајнер во во проектантско биро за мебел „ Гост“, во Скопје

(2001 - 2002)
Проектант-дизајнер во проектантско биро за мебел „ Bujoto“, во Скопје

ПРОЕКТИ / НАГРАДИ

- Проекти од идеа до реализација во областа на внатрешното уредување на саемски штандови, станбени објекти, ресторани, хотели, продавници и др.; 2001 – 2025год.

- Целосна реконструкција на еден од кубусите во историскиот дел на НУ „Музеј на Македонија“ - „Меѓу двете светски војни“ Скопје 2011год;

- Реализатор на Едукативно-креативна работилница во соработка со НУ „Спомен куќа на Мајка Тереза“ 2013- 2015год;

- Работилници со учениците од ДСУЛУД „Лазар Личеноски„ Скопје, и учество на разни манифестации и изложби - 2007- 2025 год;

-Учество со проекти и реализација на учениците од смерот на Дизајн на ентериер од трета и четврта година, во Музеј на град Скопје, за изложбите по повод 13ти Ноември, 20213 – 2025 год.

ПУБЛИКАЦИИ

- Статии за годишното издание на ИКОМ-МК (Интернационален Комитет на Музеите во Р. Македонија), 2005 – денес;

- „ ДРВО “ - Специјализирано списание за дизајн на мебел и технологии на мебел и ентериер и стручен соработник; - 2014 и 2015година.

- Други специјализирани списанија за музејска дејност; 2005 и 2006 год.

- Меѓународна научна конференција „Wood, Design and Technology“. 2019 год

- Изработка на наставните програми за предметите по Дизајн на ентериер, Дизајн на индустриски производи, Нацртна геометрија и Перспектива - Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието -2013 год,

ИЗЛОЖБИ

Самостојни изложби:

- „Трансформација во екодизајн“ - ДСУЛУД „Лазар Личеноски“- Скопје 2014 год;
- „Народното богатство во просторот и уметноста“ галерија „Ко-Ра“, Скопје 2015 год;

- „Порта“ галерија „Ко-Ра“, Скопје 2020год;

Групни изложби:

- Меѓународна изложба во Виена , Австрија, Амбасада на РСМ, столна ламба, 2024год.
- Групна изложба„ Виното и љубовта„ “ галерија „Ко- Ра“ Скопје 2023;
- Меѓународна изложба во Отава, Канада, 2019- Изложба под отворено небо – Универзална сала – 2019 год.
- Групна изложба, Денови на екологија „Зелените покриви се нашите урбани зелени оази“, Галерија Ко-Ра“, Скопје 2018;
- Групна изложба „Паратиссима“ - Интернационален саем на современа уметност - Скопје 2016 - Македонски културен центар;

- Меѓународна групна изложба „Вечното танго на Астор Пјацола
- Групна изложба - „Танго Нуево“ мултимедијална изложба, галерија „Ко-Ра“ - Скопје 2017;
-Групна изложба - „Либер Танго“ изложба и мултимедијален перфоманс, галерија „Ко-Ра“, Скопје 2016;
- Групна изложба - Галерија „Ко-Ра“ „Танго обливион“ Скопје 2015;
- Групна изложба - Мултикултурна изложба - Корени, Порти, Портали, Патишта и Патокази - Двор Тракошќан, Р. Хрватска 2016;
- Групна изложба - Галерија „Ко-Ра“ - Exhibition of the multicultural group of artists from R. Macedonia - Roots, Porticos, Sublime ports, portals, side doors, roads and roads signs, Skopje 2016год.
- Групна изложба на професорите од ДСУЛУД „Лазар Личеноски“, место на реализација – Музеј на град Скопје, 2010-2016;
- Групни изложби ДЛУМ (Сојуз на уметници на Р. Македонија) 1996-2016;
- Училишни изложби во Музеј на град Скопје, 1995-1996.

УЧЕСТВО НА ЛЕТНИ ШКОЛИ, РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ

- Семинар „Постојани музејски поставки и новите технологии“;
- Семинар „Активно барање на работа, насловно писмо и професионална биографија и интервју за работа“;
- Семинар „Обука за лидерство“.

ЛИЧНИ ВЕШТИНИ

Мајчин јазик: Македонски јазик
Други јазици: Бугарски јазик (одличен писмен и устен)
Српски јазик (одличен писмен и устен)
Хрватски јазик (одличен писмен и устен)
Англиски јазик (многу добар писмен и устен)

Компјутерски вештини

Microsoft office 2003 (Word, Excel, Power Point), Corel, Photo shop, 3D MAX,

Членства:

- ИКОМ-МК (Интернационален Комитет на Музеите во Р. Македонија), 2004год.

Соработки со фирми:

- „FEYDOM мебел“ Скопје - фабрика за производство на мебел;
- „СОЛОПРОМ“ - трговија и дистрибуција на материјали за ентериер и мебел;
- „PRIMA MEBEL“ - салон за мебел, Скопје;
- Градежна фирма „НАСТЕЛ“, Скопје;
- Градежна фирма „КАТ КОСТОВ“ Скопје;
- Музеј на Град Скопје;
- Музеј на Современа уметност;
- Музеј на македонската борба;
- Музеј на Македонија;
- Соработка со музеи од градовите низ Македонија

РЕЦЕНЗИЈА

М-р Марија Рашковиќ ги завршува своите магистерски студии со висок успех10, а средниот успех од времетаење на студиите е 9,12 истакнувајќи се со богато портфолио на стручни и уметнички дела. Нејзината професионална кариера е обележана со работа во реномирани проектантски студија каде работела на проекти од идеја до реализација, во областа на внатрешното уредување на станбени објекти, ресторани и хотели. Се издвојува нејзиниот придонес во реконструкцијата на дел од историската поставка на НУ „Музеј на Македонија“, како и долгогодишната соработка со институции како Музеј на град Скопје и ИКОМ-МК. Како едукатор, таа успешно ги пренесува своите знаења на учениците и студентите, учествувајќи во изработка на наставни програми за Министерството за образование и наука.

Нејзината уметничка активност е потврдена со бројни самостојни изложби („Трансформација во екодизајн“, „Порта“…) и меѓународни групни настапи во Хрватска, Виена, Отава...

Кандидатката суверено владее со современите софтверски алатки за визуелизација (3D MAX, Photoshop) и поседува одлично познавање на повеќе странски јазици.

Според приложеното портфолио на стручно-уметнички проекти се гледа дека м-р Марија Рашковиќ умешно ги владее архитектонските начела и принципите на дизајнот на ентериер, нуди рафинирани и хармонизирани дизајнерски решенија во дослух со барањата и потребите на клиентите, следејќи ги актуелните трендови и соодветно се служи со современите софтверски алатки за визуелизација на дизајнерските решенија.

КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирала една кандидатка за која се потврдуваат следните констатации:

- Кандидатката има завршено соодветно високо образование од прв и втор степен студии, со просек 9,12;
- Поседува долгогодишно релевантно работно искуство и реализирани проекти во областа на дизајнот на ентериер.
- Има познавање на странски јазик;
- Има искуство во образовниот процес и способност за извршување настава во високото образование.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од областа **„Друго - Дизајн на ентериер“ (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)** – 1 извршител на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет во Скопје, објавен на **20.01.2026** годинаво весникот „Вечер“, се пријави еден кандидат **м-р Марија Рашковиќ.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатката, согледувајќи ги нејзините досегашни стручно-уметнички, стручно-апликативни и наставно-образовни активности, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот Универзитет Скопје да ја избере кандидатката **м-р Марија Рашковиќ** во насловно звање **насловен доцент** по наставно-научната област **„Друго - Дизајн на ентериер“ (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)**, согласно член 167 и 182 од Законот за високото образование.

Скопје, март 2026

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Насловен вонреден професор м-р Елена Филиповска, претседател

Доцент м-р Никола Узуновски, член

Насловен доцент м-р Стојан Павлески, член